ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год.**

Повторната Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год., ќе се одржи од 24.10.2023 до 30.10.2023 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош.

Повторната Јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год., ќе се одржи на 26.10.2023 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Повторната Јавна презентација за јавните претпријатија по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул.Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год. ќе се одржи во просториите на Општина Карпош на 26.10.2023 година, во 12.00 часот.

Границата на планскиот опфат на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, е прикажана на графичките прилози и истата се движи како што следи:

- на североисток границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи во југоисточен правец по осовината на бул. „Партизански Одреди“ (планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022), сè до најисточната точка 4;
- на југосток границата се движи во југозападен правец по осовината на регулираното корито на Река Вардар, сè до најјужната точка 7;
- на југозапад границата се движи во северозападен правец по осовината на ул. „Војвода Васил Чакаларов“ (поранешна ул. „Адолф Циборовски“; планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022), сè до најзападната точка 22;
- на северозапад границата се движи во североисточен правец по осовината на ул. „Ацо Шопов“ (планиран профил на собирна улица D.02 – D.03 по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022), сè до почетната точка 1.

Анкетните листови за учество на Повторната Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год., со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*